Produced by NSW HEALTH DEPARTMENT
Macedonian
April 2004
[BHC-6975]

# Како да ги заштитиме децата и младинците и пријавите до Одделот за општествени услуги

## Protecting Children and Young People and reporting to the Department of Community Services

Оваа статија е издание на Министерството за здравство на НЈВ.

Понекогаш водењето на децата на преглед може да биде непријатно искуство. Дури потешко станува тогаш кога здравствениот работник е загрижен за добросостојбата на детето и треба да се обрати до Одделот за општествени услуги (Department of Community Services - DoCS).

Важно е родителите да разберат дека со Законот за деца и младинци (Нега и Заштита) од 1998 година, (Children and Young Persons (Care and Protection) Act 1998), сите здравствни работници кои ќе се загрижат дека може да постои ризик детето да биде малтретирано или занемарено, мора да го пријават тоа во DoCS. Ако има показатели дека детето може да е изложено на ризик, здравствениот работник нема избор освен тоа да го пријави. Тоа може да биде многу конфузно за родителите и тешко за здравствените работници.

Децата или младинците можат да се "изложени на ризик" ако биле или може да се:

- физички или сексуално злоставувани или малтретирани
- живеат во куќа каде што постои домашно насилство
- ако се изложени на сериозна психолошка опасност заради однесувањето на родителите
- ако не примаат важни работи како храна, безбедност, облека и љубов или
- ако луѓето кои се грижат за нив не се во состојба или не сакаат да обезбедат здравствена нега за нив.

Овие прашања се поопширно објаснети во други статии издадени од страна на Mulicultural Health Communication Service.

Улогата на здравствените работници е да работат со фамилиите за да им помогнат да останат здрави. Во повеќето случаи дури и ако здравствениот работник мора да го пријави случајот во DoCS, тој или таа и понатаму ќе сака да работи со фамилијата. Улогата на здравствениот работник не е да докаже дали детето било злоставувано или занемарено – само да го пријави овој ризик во DoCS.

Работа на DoCS е да утврди дали детето било злоставувано или не. Секој кој што има грижи за безбедноста, добросостојбата или здравјето на некое дете, може да се јави на телефонската линија за помош на DoCS на 132–111 (24 часа и само на англиски). Ако ви треба помош за да се јавите на англиски, јавете се во Преведувачката служба на 131–450.

Кога ќе се вклучи DoCS во случајот на некоја фамилија, тоа е најчесто доста тешко, но може да биде и позитивно искуство. Кога ќе дојде до поднесување пријава:

- Може да се донесе одлука да не се врши истрага
- DoCS може да се сртене со фамилијата да се увери дали е се во ред
- DoCS може да се сретне со фамилијата за да разговара и да изнајде начини како да помогне децата да останат безбедни давајќи упати за други агенции кои што можат да им помогнат на родителите.
- DoCS може да реши за мал број на фамилии дека е потребно да се отиде на суд за да се заштити безбедноста на децата.

Повеќе информации на тема здравство на вашиот јазик може да се најдат на сајтот на Multicultural Communication http://mhcs.health.nsw.gov.au

Телефонските броеви се точни во моментот на објавување но не се постојано обновувани. Можеби ќе треба да ги проверите телефонските броеви во телефонскиот именик.